Промоција на безбедна училишна средина
Проект поддржан од Детската фондација Песталоззи

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ПОВИК ЗА АНГАЖМАН НА ДВЕ СТРУЧНИ ЛИЦА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРИРАЧНИК ЗА УЛОГАТА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВО ВО УЧИЛИШТАТА

## I. Општи информации

Првата детска амбасада во светот Меѓаши објавува повик за ангажирање две стручни лица за изработка на прирачник за улогата на родителите во превенција од насилство во училиштата.

Меѓаши е граѓанска организација чија мисија е да ги застапува и заштитува правата на децата, поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, го зајакнува граѓанското движење за правата на децата, детското учество и се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. Меѓаши го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

Мандатот на Меѓаши е заштита и одбрана на детските права преку што се стреми кон остварување на својата визија за „Поправеден свет за секое дете". Овој мандат е отелотворен во секоја активност, програма или проект што Меѓаши го спроведува, во секоја иницијатива за застапување на правата на децата и во секоја услуга што организацијата ја обезбедува.

## II. Опис и цел на проектот

Проектот ,,Промоција на безбедна училишна средина" има за цел да придонесе кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина. Проектот се фокусира кон унапредување на постоечките механизми и инструменти за превенција од насилство во училиштата, развој и јакнење на капацитетите на стручните тимови, претставници од училиштата и високото образование, претставници од јавните институции и самите ученици, како и градење на соработка помеѓу сите засегнати страни на различни нивоа за да може да се овозможи промоцијата на безбедната средина преку имплементација на ученичкото учество и заштита од насилство како основни механизми во целиот процес.

Проектот се спроведува во периодот 01 септември 2023 година до 31 август 2026 година. ПДАС Меѓаши е партнерска организација во целокупниот процес на спроведување, во заедничка соработка со Коалиција на младински организации СЕГА како носител на проектот како и со другите партнерски организации: Македонскиот центар за граѓанско образование и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации – . Проектот е финансиски поддржан од Детската фондација Песталоци.

## III. Цел на повикот

Во согласност со предвидените активности во самиот проект, ќе се обезбеди ангажман за 2 (две) стручни лица за изработка **на Прирачник за улогата на родителите во превенција и справување со насилство во училиштата.** Изработката на Прирачникот треба да придонесе кон поддршка на родителите/старателите во превенцијата и справувањето со насилството во училиштата како и нивно активно вклучување во тие процеси. Ќе бидат опфатени две тематски области. Првата ќе биде насочена кон значењето и функцијата на Советот на родители и активното учество на родителите/старателите во обезбедувањето безбедна училишна средина. Втората тематска област ќе биде насочена кон поддршката од страна на родителот, однос и комуникација родител - дете и промоција на позитивното родителство како пристап во градење односи на меѓусебна доверба.

Прирачникот треба да стави акцент на улогата на родителите и Совет на родителите, улогата на стручните служби, запознавање со механизмите за ученичко учество, како и дополнителни начини за превенција и заштита од насилство во училиштата. Истиот ќе биде наменет за поддршка на родителите, Советите на родители и за стручните тимови во училиштата, дополнително како тренинг материјал како и за поддршка за сите засегнати страни во целиот воспитно-образовен процес.

За потребите на изработка на Прирачникот, првично ќе треба да се формираат и организираат и фокус групи со родители, за да може да се согледаат предизвиците со кои се соочуваат родителите на деца со типичен и атипичен развој поврзани со училишната средина, соработката со претставниците од училиштата, учеството во училишната заедница и комуникацијата помеѓу учениците. Искуството споделено од страна на фокус групите ќе претставува еден од изворите за изработка на Прирачникот кој ќе треба да биде применлив за сите родители и/или старатели и да го почитува начелото на инклузивност.

Ангажираните стручни лица треба да се координираат меѓусебно и со проектниот тим на ПДАС Меѓаши за концептот, фокус групите, содржината и начинот на изработка на материјалот.

Ангажираните лица претставуваат носители на активноста за спроведување и реализација на фокус групите и изработка на Прирачникот.

Предвиден период на ангажман за двете стручни лица претставува од 01.11.2023 до 30.11.2023 со 8 (осум) работни денови за испорака на услугата.

## IV. Опис на работни задачи

1. Стручните лица ќе спроведат 3 фокус групи со по 10 родители на деца на возраст од 12 до 18 години со што за самата публикација би се добил подобар увид околу вклученоста на родителите, нивната соработка со училиштата и стручните тимови како и дали има примена на методите на позитивно родителство.

- Развој на метод за прибирање на податоци (интервју, прашалник, анкета)
- Спроведување 3 сесии со по 10 учесници (секое стручно лице ќе има 1 индивидуална и 1 заедничка фокус група)

- Координација со проектниот тим и другото стручно лице за организација на фокус групите
- Модерирање и фасилитирање на фокус групите

Избраните стручни лица ќе соработуваат со проектниот тим на ПДАС Меѓаши за моделот, начинот на спроведување и реализација на фокус групите.

2. Изработка на Прирачник за улогата на родителите во превенција од насилство во училиштата, каде од двете ангажирани стручни лица ќе биде потребно:

- Меѓусебна координација при создавање на содржината од Прирачникот
- Примена на добиените податоци од фокус групите
- Компаративен пристап во согласност со постоечките механизми и инструменти за заштита од насилство

При подготовка стручните лица ќе бидат во редовна комуникација со проектниот тим на Меѓаши.

3. Стручните лица за извршените активности освен подготвената содржина за Прирачникот до проектниот тим ќе доставаат:

- Извештај за сопствената работа
- Пополнета листа со временска рамка

## V. Потребни квалификации за избор на стручните лица

- Завршени додипломски студии/ VI - A ниво на образование во сегментот на општествени науки
- Познавање на поставеноста, начинот на функционирање, процесите во националниот образовен систем, училиштата (особено работата на родителските совети)
- Искуство во изработка и/или поддршка при изработка на едукативни и други материјали за поддршка на одредени процеси во воспитно - образовниот систем и нивното спроведување
- Искуство и/или вклученост во развој и имплементација на активности за превенција и заштита на децата/учениците од насилство и/или принципите на позитивно родителство, ќе се смета за предност
- Искуство во директна работа со родители и поддршка на деца/ ученици и нивните семејства и/или заедницата каде припаѓаат ќе се смета за предност при изборот на стручните лица.
- Развиени вештини во организација, модерирање и спроведување на фокус групи и прибирање и анализа на податоци

## VI. Временска рамка

Предвидената временска рамка и бројот на денови се однесува за двете стручни лица.

| Опис на активност | Број на денови | Временски рок за испорака |
|---|---|---|
| Спроведување на 2 фокус групи по 1 стручно лице | 2 | до 15 ноември 2023 |
| Изработка на предлог текст за прирачник | 5 | до 27 ноември 2023 |
| Финализација на Прирачникот | 1 | до 30 ноември 2023 |

## VII. Хонорари/ Услови за исплата

Меѓаши ќе ги исплати ангажираните стручни лица по достава на сите претходно наведени документи, за бруто износ од 6.700 денари по ден за стручно лице, а севкупен бруто износ изнесува 53.600 денари по стручно лице, вклучувајќи и персонален данок на приход. Исплатата ќе се изврши во рок од седум (7) дена по примањето и одобрувањето на комплетна документација која опфаќа потпишан договор, Извештаи и Листа со евиденција на работни денови и одобрени производи (опишани во табелата погоре).

## VIII. Процес на аплицирање

Потребни документи при аплицирање:

1. Професионална биографија
2. Писмо за мотивација (содржината во писмото не треба да надминува повеќе од 1 страна, А4 формат)
3. Референци од претходни и тековни професионални искуства и соработка

Заинтересираните кандидати/ки треба да ги испратат своите апликации во електронска верзија не подоцна од 22.10.2023 на следнава адреса iro@childrensembassy.org.mk.

За дополнителни информации поврзани со наведениот повик можете да ни се обратите преку телефонскиот број за контакт 071 399 079.